РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Бр. 02-563/22
26-6 2020
Скопје

Врз основа на член 175, ставовите 10 и 11 и членовите 180 и 181 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и глава Ѓ, точка 6 од Упатството за избор на ректор, Универзитетската изборна комисија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на состанокот одржан на ден 26.6.2020 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување избран кандидат за ректор**

1. Врз основа на сумираните резултати од тајното гласање за избор на ректор на единиците на Универзитетот, **за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е избран проф. д-р Никола Јанкуловски, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје.**

2. Записникот на Универзитетската изборна комисија од сумираните резултати од гласањето за избор на ректор на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, е составен дел од оваа Одлука.

3. Мандатот на избраниот ректор трае 3 години, почнувајќи од 15.9.2020 година, кога стапува на должност.

4. Правата и обврските на ректорот се утврдени со Законот за високото образование, Статутот и со другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Против оваа Одлука и Записникот кој е нејзин составен дел може да се поднесе приговор, врз основа на член 182 од Статутот на Универзитетот, до Универзитетската изборна комисија во рок од 3 работни дена од денот на приемот.

**Претседател на**
**Универзитетската изборна комисија**

**Проф. д-р Гордана Лажетиќ**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk